Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 септември 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект Хотел Лагадин-Каролина со седиште на ул. Нас. Место без уличен систем бр. 76 Лагадин, Охрид, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

Хотел Лагадин-Каролина ДООЕЛ со седиште на ул. нас. Место без уличен систем бр. 76 Лагадин, Охрид поднесе Барање бр. УП1-13-406 од 20.7.2022 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект Хотел Лагадин-Каролина со седиште на ул. нас. Место без уличен систем бр. 76 Лагадин, Охрид, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-406 од 21.7.2022 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 41-7646/1**
**27 септември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: м-р Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Jetmire Maliqi, помошник раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата